20242594549

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за јавна администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на годишната програма за обука за административно управување.

Член 2

Годишната програма за обука за административно управување содржи:

- теми на обуката;
- начин на реализација на обуката;
- носител на обуката;
- целна група на обуката и
- финансиски средства за спроведување на обуката.

Член 3

Теми на обуката се:

- општите прописи од административната област (Законот за општата управна постапка, Законот за управните спорови, Законот за прекршоците, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници);
- управување со јавни финансии (Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, Закон за буџетите, Закон за извршување на буџетот на Република Северна Македонија, Закон за вршење сметководствени работи(*), Закон за јавните набавки(*), Закон за државната ревизија, Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост);
- управување со проекти (принципи на проектно управување-оправданост на проектот, улоги и одговорности, управување низ фази, фокус на продукти; индикативно планирање; формулација на проекти, креирање на проектно планирање насочено кон цели, индикатори, логика на интервенција подготовка на буџети, комуникациска стратегија, имплементација на проекти, управување со квалитетот на продуктите и услугите, управување со ризици, управување со промени, контрола, финансиско управување, мониторинг и евалуација, затворање на проектот оддржливост и известување) и
- Кодекс за административни службеници (професионализам - одговорност, отчетност, стручност, навременост, совесност, доверливост, сервисна ориентација, иновативност, кооперативност; непристрасна и објективна примена на законите и заштита на јавниот интерес; стандарди за личен интегритет, работна етика и грижа за личниот углед и угледот на институциите на јавниот сектор; однос кон стручно усовршување; негување на демократските вредности, владеењето на правото, социјалната правда, недискриминација и почитување на различностите; транспарентност и отвореност кон давање и примање информации; однесување во службата и начин на комуникација со колеги и странки; приватен живот и јавност).

Член 4

Обуката за административно управување се спроведува електронски, во Системот за управување со учењето.

Член 5

Образецот на годишната програма за обука за административно управување е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и формата на годишната програма за обука за административно управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/15 и 194/18).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-2528/7
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за
јавна администрација,
Горан Минчев, с.р.

ПРИЛОГ

Годишна програма за обука за административно управување за ---------- година

Реден број	**Теми на обуката**	**Начин на реализиација на обуката**	**Носител на обуката**	**Целна група на обуката**	**Финансиски средства за спроведување на обуката**
1	Општи прописи од административната област	Систем за управување со учење (СУУ/LMS)	Министерство за јавна администрација	Административни службеници	Министерство за јавна администрација
2	Управување со јавни финансии	Систем за управување со учење (СУУ/LMS)	Министерство за јавна администрација	Административни службеници	Министерство за јавна администрација
3	Управување со проекти	Систем за управување со учење (СУУ/LMS)	Министерство за јавна администрација	Административни службеници	Министерство за јавна администрација
4	Кодекс за административните службеници	Систем за управување со учење (СУУ/LMS)	Министерство за јавна администрација	Административни службеници	Министерство за јавна администрација